Бр./Nr 12-1753/1
11-06-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2338/1 од 02.09.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за ограничувачки услови во постапка за доделување на договор за јавна набавка на договорниот орган ЈЗУ /// - ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, поради промена на околностите на кои се однесуваат наводите за сомневање изнесени во пријавата врз чија основа е оформен предметот.

Предметот со број 12-2338/1 од 02.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 02.09.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за ограничувачки услови во постапка за доделување на договор за јавна набавка на договорниот орган ЈЗУ /// - ///, и оформен е предмет број 12-2338/1 од 02.09.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за претходно договарање, ограничување на конкуренцијата и овозможување на конкурентска предност при

спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка, во постапката за јавна набавка по Оглас број /// од /// година на договорниот орган ЈЗУ /// - ///.
Во пријавата подносителот укажал дека условите од тендерската документација ја ограничувале понудата на само еден економски оператор, и дека условите кои понудувачите требало да ги исполнат согласно тендерската документација, не биле поврзани со предметот на набавката, а се користат заради ограничување на конкуренцијата.
Имајќи ги предвид овие околности, подносителот на пријавата се сомнева дека во случајот станува збор за претходно договарање со конкретен економски оператор со кое би била нанесена штета на Буџетот на Република Северна Македонија.
Подносителот пријавата ја доставил и до Комисијата за заштита на конкуренцијата и до Бирото за јавни набавки.

При увидот во јавно достапните податоци содржани во електронскиот систем за јавни набавки и во Известувањето на Бирото за јавни набавки до подносителот на пријавата, констатирано е следното:
Во Известувањето по пријавата кое од страна на Бирото за јавни набавки на ден /// година било доставено до подносителот како и до другите институции до кои истата е поднесена, вклучително и до ДКСК, е содржана информација дека постапувајќи по пријавата, Бирото утврдило дека за конкретната постапка по огласот со број /// од /// година за набавка на /// на договорниот орган ЈЗУ /// - ///, се водела жалбена постапка пред Државната комисија за жалби, која со решение бр./// од /// година ја усвоила жалбата на жалителот и ја поништила тендерската документација и постапката со што предметот е затворен.
Следствено, на /// година на електронскиот систем за јавни набавки е објавено Известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Од горенаведеното, произлегува дека постапката по огласот со број /// од /// година на договорниот орган ЈЗУ /// - /// е поништена. ДКСК цени дека тоа упатува на промена на околностите на кои се однесуваат наводите за сомневање изнесени во поднесената пријава, и оттаму, смета дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата